# Кападокија
## *3 ноќи (07.12-10.12)*
## *Групно патување*

Цена од
**559 €**
34 658 ден






**Ноќевање со појадок**

**+ ТРАНСФЕР**

**3 BB**

## КАПАДОКИЈА – АВИОНСКИ ПРЕВОЗ

*Кападокија - Ако постои бајка за магична земја од глина, веројатно ќе изгледа како Кападокија. Регионот е во централна Турција и е познат по уникатни карпести форми во кои древните народи ги направиле своите домови и светилишта...*

## Во цената се вклучени следниве услуги:

- Повратен авионски билет од Скопје до Кајсери со 20 кг вклучен багаж (класа P + Y)
- Аеродромски такси
- Организиран повратен трансфер (аеродром – хотел – аеродром)
- Придружник од агенцијата во текот на патувањето
- Сместување во **Rapsodi Stone Suites** или сличен 3 *, 3 ноќи, услуга ноќевање со појадок

## Во цената не се вклучени следниве услуги:

- Факултативни екскурзии во Кападокија и летање со балон
- Индивидуални трошоци за оброци и пијалоци во Кападокија
- Бакшиш за водич
- Патничко и здравствено осигурување
- Дополнителни трошоци во хотел

## Програма на патување

**1 ден (07.12) Скопје – Кападокија**

Полетување од Скопје за Истанбул во 08.40 ч со лет TK1004. Слетување во Истанбул во 11.15 ч. Патувањето продолжува со лет TK2012 во 13.00 ч, слетување во Кајсери во 14.30 ч.
Организиран превоз до хотел со автобус. Сместување во хотел. Слободно попладне. **Факултативно** организирана вечера во национален ресторан со традиционална музика. **Ноќевање**.

**2 ден (08.12) Кападокија**

**Појадок. Факултативно организиран** разглед (Северна тура или  класична) на Кападокија со локален водич, вклучен превоз, ручек и влезници, времетраење на турата 09.00-17.00 часот. Разглед на: долината Деврент, Pasabagi (долината на монасите), Аванос (посета на грнчарска работилница), Зелве музејот на отворено, тврдината Учисар. Уживајте во погледот на камените формации и несекојдневните пејзажи во долината Дервент и вилинските оџаци кај Зелве. Таму се најубавите остатоци од Византиската уметност, цркви исклесани во камен и фрески кои датираат од 10от век. Од највисоката карпа во Гореме, Учисар, ќе уживате во преубава панорама која се протега пред вас. Ручек во Аванос, град на грнчарската уметност. Враќање во хотел. Слободна вечер. **Ноќевање**.

### 3 ден (09.12) Кападокија

**Појадок. Факултативно** организиран разглед (Зелена тура и посета на подземен град) на Кападокија со локален водич, вклучен трансфер, ручек и влезници, времетраење на турата 09.00-17.00 часот. Разглед на: подземните градови Кајмакли или Деринкују, долината Ихлара, Белисирма, Селиме. Посета на најмистериозните подземни градови, и кањонот Ихлара. Посета на селото Белисирма, односно древната Перистреме каде што тече реката Мелендиз. Посета на Селима, позната по куќите кои се исклесани во камен и кои се наоѓаат на ивиците од самиот кањон, пејзаж сличен како од Војната на ѕвездите. Враќање во хотел. **Факултативно** организирана вечер со дервишки танци. Враќање во хотел. **Ноќевање**.

### 4  ден (10.12) Кападокија

**Појадок. Факултативно** организиран лет со балон во утрниските часови. Поаѓање околу 04 ч од хотел. Волшебно, незаборавно доживување. Враќање во хотел. Во 12 .00 ч организиран превоз до аеродром во Кајсери. Полетување со TK 2015 во 16.30 ч, слетување во Истанбул во 18.10 ч. Патувањето продолжува со TK1005 во 20.15 ч од Истанбул, слетување во Скопје во 19.45 ч по локално време.

### Цени за факултативни екскурзии:

- Северна тура – од 45 €
- Зелена тура – од 65 €
- Летање со балон (цената зависи од периодот на патување, од локацијата и е променлива, информативно од 150 € па нагоре)
- Вечера во традиционален ресторан со неограничено пиење од 50 €
- Вечера во ресторан со дервишки танц - 35 €
- Јавање на коњи со инструктор  2 часа на залез на сонце  – 45 €
- Сафари со четири цикли -2 часа на залез на сонце – 45 € (едно возило може да го делат 2 лица)
- Џип сафари 2 часа на зајдисонце – 90 € по возило (едно возило може да го делат 4 лица)

### Важна напомена:

- Цените се по лице, за сместување во двокреветна соба и валидни за пријавување на мин. 2 патници.
- Цени за сместување во еднокреветна или трокреветна соба, или цена за деца е достапа на барање.
- **Разгледите во Кападокија зависат од договор и временски услови на лице место и можеби нема да се одвиваат според горенаведен редослед.**
- Плаќање исклучиво во денари по курс 1 € - 62 ден.
- При резервација се плаќаат мин. 30% од износот, а остатокот најкасно 15 дена пред патување.
- За реализација на патувањето и факултативите потребни се мин. 20 патника.
- Агенцијата има право да го откаже патувањето до 7 дена пред поаѓање.
- Важат општите услови на Агенцијата за продажба и специјални услови за групни аранжмани.